ПРИВАТИЗАЦИЈА НА НАЈГОЛЕМИТЕ ДРЖАВНИ ЕНЕРГЕТСКИ КОМПАНИИ

АКЦИИ ОД ЕСМ И МЕПСО ЗА СИТЕ ГРАЃАНИ ВЕТУВА СДСМ ВО СВОЈАТА ПРОГРАМА

НЕСТАНДАРДНИ ФОРМИ НА ВРАБОТУВАЊЕ

ОД НЕРЕГУЛИРАЊЕТО НА ФРИЛЕНСЕРСТВОТО ГУБАТ И ФРИЛЕНСЕРИТЕ И ДРЖАВАТА

ИНТЕРВЈУА

БЛАГОЈ БОЧВАРСКИ
министер за транспорт и врски

БОРЧЕ ХАЏИЕВ
директор на Бирото за јавни набавки

МАРИЈА КУКУНОСКА
основач и директор на Премиум Сејфти Солушн

ISBN 978-9989-2025-2-0
5319991223011

business magazine

Капитал

БРОЈ **1167** | **26 април 2024 петок**
година 25 | цена **200** ден.

TIME 100

ИЗВОНРЕДНО ПРИЗНАНИЕ ЗА МАКЕДОНСКАТА НАУЧНИЧКА ОД СВЕТСКИ ГЛАС

СВЕТЛАНА МОЈСОВ Е МЕЃУ 100-ТЕ НАЈВЛИЈАТЕЛНИ ЛУЃЕ НА ПЛАНЕТАВА СПОРЕД ТАЈМ

2024

АЛКАЛОИД Скопје
УНИБанка Твојата Банка
ProCredit Bank
NLB Banka

Ferozomal

липозомално железо со витамини

за директна примена

Со вкус на лимон
и на шумско овошје

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

Здравјето пред сè

06

COVER STORY

Приватизација на најголемите државни енергетски компании

Акции од ЕСМ и МЕПСО за сите граѓани ветува СДСМ во својата програма

14

ИНТЕРВЈУ

Благој Бочварски

министер за транспорт и врски

Инвестираме преку две милијарди евра во патна инфраструктура

20

ЕКОНОМИЈА

Нестандардни форми на вработување

Од нерегулирањето на фриленсерството губат и фриленсерите и државата

46

СВЕТ И ТЕХНОЛОГИЈА

Вештачка интелигенција

Таман се навикнавме на четботовите, доаѓаат и AI агенти

24

ИНТЕРВЈУ

Борче Хаџиев

директор на Бирото за јавни набавки

Продолжуваме со континуирано унапредување на целокупниот систем на јавни набавки во државата

30

НАУКА И ТЕХНОЛОГИЈА

Голем успех за македонската научничка

Светлана Мојсов избрана од магазинот Тајм меѓу 100-те највлијателни луѓе во светот

34

СО АМЧАМ НА ТЕМА...

Правата на интелектуална сопственост и Целите за одржлив развој

Градење заедничка иднина со помош на креативност и иновации

COVER STORY

Приватизација на најголемите државни енергетски компании.....06

Акции од ЕСМ и МЕПСО за сите граѓани ветува СДСМ во својата програма

ИНТЕРВЈУ

Благој Бочварски

министер за транспорт и врски.....14

Инвестираме преку две милијарди евра во патна инфраструктура

ЕКОНОМИЈА.....20

Нестандардни форми на вработување

Од нерегулирањето на фриленсерството губат и фриленсерите и државата

ИНТЕРВЈУ

Борче Хаџиев

директор на Бирото за јавни набавки.....24

Продолжуваме со континуирано унапредување на целокупниот систем на јавни набавки во државата

НАУКА И ТЕХНОЛОГИЈА

Голем успех за македонската научничка.....30

Светлана Мојсов избрана од магазинот Тајм меѓу 100-те највлијателни луѓе во светот

СО АМЧАМ НА ТЕМА...

Правата на интелектуална сопственост и Целите за одржлив развој.....34

ИНТЕРВЈУ

Марија Кукуноска

основач и главен извршен директор, Премиум Сејфти Солушн.....36

Безбедноста и заштитата се фундамент за успешен и одржлив бизнис во време на бројни ризици и кризи

РЕГИОН.....42

Расте пазарот на податочни центри во југоисточна Европа

Букурешт, Загреб и Атина стануваат сè поголеми „чувари на податоци“ на светските технолошки компании

Импресум// Издава: Капитал Медиа Гроуп доо Скопје, бул. Партизански Одреди бр.17-1/16, п.фах 503, 1000 Скопје • Адреса на уредништвото на издавачот на медиум: бул. ВМРО бр.7, здрада 1, влез 1, кат 6, стан бр.31 • П. ФАХ 503, 1000 Скопје • Директор и одговорен уредник: Љупчо Зиков • Печати: Европа 92, ул. Крижевска бр.52, 2300 Кочани, Р. Македонија • Тираж: 3.000 примероци • Датум на печатење: 25.04.2024

Капитал Медиа Гроуп е членка на Асоцијацијата за заштита на печатени медиуми

Капитал Медиа Гроуп е членка на Советот за етика на медиумите во Македонија

ЕВРОПА СЕ ЗАГРЕВА ДВОЈНО ПОВЕЌЕ ОД ПРОСЕКОТ НА ПЛАНЕТАТА

Европа се загрева двојно повеќе од глобалниот просек, што доведува до смртоносни топлотни бранови и тешки поплави, се вели во извештајот кој во 2023 година го објави ESOTC (European State of the Climate).

Според извештајот, температурите во Европа растат за 2,3 степени над прединдустриските нивоа, во споредба со 1,3 степени на глобално ниво. Извештајот заеднички го издадоа Канцеларијата за климатски промени Коперникус (C3S – Copernicus Climate Change Service) и Светската метеоролошка организација на ОН WMO – World Meteorological Organization), а се однесува на 2023 година, која беше најтопла година во историјата на Европа. Јужниот делови од Стариот континент забележаа 60-80 дена силен топлотен удар, а најтешко беше погоден јужниот дел на Шпанија, со над 80 дена многу силен топлотен удар. Во меѓувреме, северна Европа забележа многу денови на екстремен ладен бран. На пример, во централниот дел на Исланд 100 дена имаше температура од -27 до -40 степени Целзиусови.

Бројот на смртни случаи поврзани со топлотните удари и исцрпеноста порасна за речиси 30% во изминатите 20 години. Минатото лето донесе топлотни бранови во најголем дел од јужна Европа, поради што престојот на отворено за постарите луѓе и работниците беше посебно опасен. На континентот имаше и огромни поплави и пожари, а најголемиот пожар во историјата на Европа ја зафати Грција.

Božinovski WATCHES & JEWELS
Скопје · Плоштад Македонија, CityMall, East Gate Mall | Битола · Широк Сокак | www.bozinovski.com.mk

АКЦИИ ОД ЕСМ И МЕПСО ЗА СИТЕ ГРАЃАНИ ВЕТУВА СДСМ ВО СВОЈАТА ПРОГРАМА

Распределба на висок процент од акциите на двете најголеми енергетски компании во државна сопственост на македонските граѓани планира СДСМ доколку ја задржи власта во наредните четири години. Во 2025 година оваа мерка е планирана за ЕСМ, а до 2028 планот е и за МЕПСО. Од владејачката партија уверуваат дека тоа прво ќе ја зголеми транспарентноста, второ ќе се зголеми ефикасноста, трето граѓаните ќе добијат капитал, четврто, граѓаните ќе добијат пасивен приход во форма на дивиденда и на крајот на денот граѓаните ќе одлучуваат за тоа каква ќе биде иднината на тие компании.

ПРИВАТИЗАЦИЈА НА НАЈГОЛЕМИТЕ ДРЖАВНИ ЕНЕРГЕТСКИ КОМПАНИИ

Дел од експертите што ги консултиравме околу идејата на актуелната владејачка партија за приватизација на ЕСМ, а потоа и МЕПСО, велат дека во принцип таа е добра, затоа што овозможува некаква правичност при приватизацијата на двете големи енергетски компании што се сè уште во државна сопственост, односно можност граѓаните да добијат удел во капацитети што "граѓаните своевремено ги изградиле".

Граѓаните да станат директни и реални сопственици на државните енергетски компании ЕСМ и МЕПСО и сами да одлучуваат за нивната контрола и менаџирање, е една од точките во изборната програма на СДСМ за претстојните парламентарни избори, во делот за енергетика.

„Со цел да овозможиме максимална контрола и директно учество на сите граѓани во управувањето на државните енергетски компании, планираме висок процент од вкупниот број издадени акции на државните енергетски компании да се поделат еднакво на сите граѓани на нашата држава, а остатокот да останат под контрола на државата, во некој извесен период, сè додека граѓаните не воспостават директна контрола на самите компании.", се вели во програмата на СДСМ.

Оттаму велат дека со ова, но и преку јасни и прецизни механизми ќе овозможат сите граѓани да можат да имаат секојдневен увид во работењето на овие компании, но и да имаат директно влијание при изборот на менаџментот и негова контрола. Притоа, доколку овие компании на крајот од годината остварат добивка (а доколку граѓаните имаат секојдневна контрола и увид на работењето, притисокот за остварување добивка и домаќинско работење ќе биде голем), таа ќе биде поделена на сите акционери, односно на сите граѓани на нашата држава. Досега таа добивка беше алоцирана или за работењето на самата компанија или, пак, беше префрлана во буџетот на државата и граѓаните имаа минимални придобивки од неа.

Во 2025 година е планирано оваа мерка да се имплементира во АД ЕСМ, најголемата енергетска компанија во државата. Согласно со извештаите, основната главнина на Друштвото е поделена на 31.738.878 обични акции, со номинална вредност од 1 000 денари (илјада) денари по акција.

„Планот е одреден процент на акции да се поделат на сите граѓани на нашата држава што се родени до определен консензуално определен термин. Притоа, согласно со податоците од последниот попис, секој граѓанин би добил по околу 8 акции.", велат од СДСМ.

Ова значи дека едно четиричлено семејство би се стекнало со 32 акции, со номинална вредност од по 1 000 денари, или вкупно 32 000 денари (кои со самото котирање на Македонската берза за акции се очекува да достигнат многу повисока цена), со кои може самостојно да управува и за кои треба да добива годишна дивиденда. Во периодот до 2028 година, планот е истото тоа да се реализира и со акциите на АД МЕПСО.

Иако, што се однесува за оваа компанија, само пред неколку месеци министерот за економија Крешник Бектеши рече дека Владата нема интерес да го приватизира МЕПСО, ниту дел од МЕПСО. Одговарајќи на новинарски прашања дали се водени некакви разговори за продажба на МЕПСО на грчката ИПТО, тој одговори дека нема никаква понуда од нивна страна, и дека во делот на енергетската инфраструктура државата прави напори електроенергетскиот преносен оператор да остане на државата затоа што е стратешка компанија.

Повеќе дилеми и прашања

Дел од експертите што ги консултиравме околу оваа идеја на актуелната владејачка партија велат дека во принцип таа е добра, затоа што овозможува некаква правичност при приватизацијата на двете големи енергетски компании што се сè уште во државна сопственост, односно можност граѓаните да добијат удел во капацитети што "граѓаните своевремено ги изградиле". Исто така, би се разиграл пазарот на капитал, односно Македонската берза, каде што би се тргувало со овие акции, чијашто цена би пораснала во однос на номиналната доколку компаниите добро работат, остваруваат добивка и делат дивиденда. Меѓутоа, остануваат повеќе дилеми и предизвици за тоа како ќе се изведе целиот процес, со оглед дека има одредени аспекти што треба да се разгледаат внимателно.

Како што пишуваше Независен деновиве, прво, вредноста на ЕСМ на пример, можеби ќе треба

да биде предмет на ревизија, со оглед дека капацитетите со кои што располага се прилично стари и според законската регулатива, се амортизирани.
Од друга страна, прашање е дали соодветно се евидентирале зафатите кои што во меѓувреме се преземале за осовременување на електраните, па оттаму, вистинската слика за ЕСМ треба да ја дадат независни ревизори. Инаку, ако се земе предвид дека Владата во изминатите две–три години издвои значителни средства од Буџетот за субвенционирање на цената на електричната енергија, а кои се во износ од над 400 милиони евра, излегува дека во овој период, сме „изеле“ цело едно ЕСМ, без да се добие некоја додадена вредност.
Второ, клучниот момент кој што го потенцираат финансиските аналитичари, е дали ЕСМ ќе котира на Берзата преку иницијална јавна понуда (IPO) или пак, владата ќе се реши само да ги распредели акциите, кои потоа би се продавале преку еден од берзанските сегменти. Овој момент е исклучително важен, бидејќи, како што потенцираат експертите, котацијата сама по себе повлекува прифаќање на берзанските правила, како на пример објавување редовни извештаи за работењето на акционерското друштво, за приходите, трошоците, итн.
„Котираните компании се обврзани да објавуваат квартални извештаи за работењето, па доколку намерата акционерското друштво да се направи транспарентно, тоа би бил вистински потег, бидејќи на таков начин јавноста и акционерите ќе имаат увид во вистинската ‘крвна слика’ на компанијата“, велат експертите за Независен. За самата Берза, велат познавачите, ЕСМ би била одлична компанија, бидејќи станува збор за голема инфраструктурна компанија од исклучително интересен сектор каков што е енергетиката. Тие потсетуваат дека слични политички одлуки се носеле и во други држави, како, на пример, во Хрватска со приватизацијата на Хрватскиот телеком или со ИНА.
Едно од прашања кои што се наметнуваат е како граѓаните ќе се однесуваат како акционери, односно сопственици, а како истите тие како потрошувачи. Како сопственици, нормално, ќе бидат заинтересирани да остваруваат што поголема добивка, а како потрошувачи, да плаќаат што помалку за сметките. Ова го наметнува и прашањето за регулирање на цената на струјата, но како што велат аналитичарите, ЕСМ не е предмет на регулација, а од друга страна и ЕВН како дистрибутивна компанија е во приватна сопственост, но тоа не го попречува регулаторот да ја спроведува својата обврска, според јасно утврдени правила и механизми.
Од друга страна, треба да се има

Планот на СДСМ е одреден процент на акции да се поделат на сите граѓани на Македонија што се родени до определен консензуално определен термин. Притоа, согласно со податоците од последниот попис, секој граѓанин би добил по околу 8 акции.

предвид дека вакво какво што е сега ЕСМ, со електрани изградени пред три- четири или повеќе децении, ќе биде исправено пред големи предизвици.
„За да се смета на добивка, компанијата ќе треба да го зголеми производството и истовремено да ги намали трошоците“, велат соговорниците.

Ковачевски: Ќе се зголеми транспарентноста и ефикасноста, а граѓаните ќе добијат капитал и можност за пасивни приходи

Од СДСМ веруваат дека на овој начин, граѓаните ќе може да влијаат врз управувањето на компанијата, но и да добиваат годишна дивиденда, доколку ЕСМ работи со добивка.
Оваа мерка беше најавена на предизборните митинзи на партијата, а за неа зборуваше и лидерот на СДСМ Димитар Ковачевски, кој на Сител рече дека една од грижите кои што ги имаат граѓаните и која што и него го загрижува е работењето на овие државни компании, нивото на нивната ниска транспарентност и нивната ниска ефикасност.
„Затоа сметаме дека граѓаните треба да бидат дел од управувањето со овие компании и тоа по јасни берзански правила. И затоа предвидуваме 49 проценти од компаниите, прво ќе започне со ЕСМ, да бидат доделени на сите полнолетни граѓани на Северна Македонија, значи зборуваме за најмалку 1,3 милиони граѓани, кои што ќе добијат акции во ЕСМ и подоцна во другите државни компании“, рече Ковачевски.
Тој посочи дека акциите ќе се делат според модел кој ќе овозможи со нив да се тргува на Берза и врз основа на берзанските правила граѓаните ќе имаат можност да учествуваат во управувањето на компаниите.
„Со тоа прво ќе се зголеми транспарентноста, второ ќе се зголеми ефикасноста, трето граѓаните ќе добијат капитал, четврто, граѓаните ќе добијат пасивен приход во форма на дивиденда и на крајот на денот граѓаните ќе одлучуваат за тоа каква ќе биде иднината на тие компании“, рече Ковачевски.
Берзански експерти, пак, велат дека ако се остави на страна политичкиот момент, гледано чисто пазарно, идејата е повеќе од добра и ќе придонесе за раздвижување на пазарот на капитал.
„Самиот факт дека би имало 1,3 милиони акционери, е потврда дека ќе дојде до тргување барем на дел од тие акции преку Берзата“, велат тие.

Опозиција: Каде ќе одат 51% од акциите?

Бранимир Јовановиќ, поранешен советник во Министерството за финансии во периодот на првата Влада на СДСМ после изборите 2016 година, кој сега работи во Виенскиот институт за меѓународни економски студии каде што го покрива Балканот, предлогот нас СДСМ за доделување акции од ЕСМ на граѓаните е прикриен начин оваа компанија да се продаде на олигарсите. Во изјава за Независен, тој вели дека многу подобро би било на чело на компанијата да се назначи професионален директор кој без партиски притисоци од страна, брзо би го направил ЕСМ највредната македонска компанија.
„За мене, ова е Приватизација 2.0. Пред 30 години, во транзицијата, се направи нешто вакво, и добро знаеме кој е резултатот – добрите фирми завршија во рацете на мал број моќници блиски до власта, кои ги откупија сите акции. Не гледам зошто не би се случило истото и сега, знаејќи ја атрактивноста на енергетиката. Така што, јас ова го гледам како прикриен начин ЕСМ да се продаде на олигарсите“, вели Јовановиќ.
„Ако СДСМ навистина се грижи за доброто работење на ЕСМ, сè што треба да направат е да постават професионален директор, и да го остават да ја води компанијата како што смета дека треба. Без партиски притисоци, вработувања и тендери. И ЕСМ за многу кратко време ќе стане највредната и најдобрата македонска компанија“, додава тој.
Јовановиќ посочува дека ваква стратегија на претворање на атрактивна фирма во загубар, со цел истата потоа да се приватизира, е добро позната во економската литература. Пост-социјалистичката историја на цела Источна Европа е историја на вакви приватизации. Тие ги створија олигарсите во цела Источна Европа, од Русија и Украина, па сè до кај нас, смета тој.
„Единствената работа што не можам да ја сфатам во целава приказна е – како СДСМ воопшто

„Во изминатите децении бевме сведоци на лошо менаџирање со енергетските компании, акционерски друштва во сопственост на државата. Со цел да овозможиме максимална контрола и директно учество на сите граѓани во управувањето на државните енергетски компании, планираме висок процент од вкупниот број издадени акции на државните енергетски компании да се поделат еднакво на сите граѓани на нашата држава, а остатокот да останат под контрола на државата, во некој извесен период, сè додека граѓаните не воспостават директна контрола на самите компании.“, *вели претседателот на СДСМ и до неодамна премиер Димитар Ковачевски.*

излегува со вакво изборно ветување? Зарем стварно мислат дека граѓаните заборавиле на 1990-тите и на сè што се случуваше тогаш, кога исто така на власт беше СДСМ? Или пак сакаат да им се додворат на олигарсите за да ја добијат нивната поддршка за изборите?“, прашува Јовановиќ.
За политичките соперници на СДСМ, овој предлог е „шарена лага“. Бомбастичната најава на СДСМ дека секој полнолетен граѓанин на Македонија ќе добие по 8.000 денари во акции од ЕСМ Социјалистичката партија на Македонија ја оцени како „шарена лага“ за да привлече гласачи. „За глупавото ветување да биде поголемо и да не се открие перфидната измама што ја смислиле, не го открива сопственикот на 51 отсто од акциите“, реагираа од Социјалистичката партија додавајќи дека СДСМ најавува дека „граѓаните ќе добиваат дивиденда од компании кои сега работат со загуби“.
Инаку, СДСМ во програмата во делот на енергетиката најавува и крај за како што вели „енергетски споменици и музеи“. Со ова ќе се стави крај на нови фосилни технологии.
„Имајќи ги предвид домашните и европските искуства во однос на постојните начини и технологии, логично е запирање на надминати технологии и начини на производство на енергија, кои станале неодржливи“, се вели во програмата на партијата „За европска иднина 2024“. Во неа се предвидува забрана за изградба на нови гринфилд мали хидроелектрани, освен како додаток на постојни објекти (водоводи, системи за наводнување и сл.), како и мораториум на изградба на какви било електрани на фосилни горива освен на природен гас и водород, но и мораториум на издавање дозволи за експлоатација на фосилни горива. ■■■

КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА КОМЕРЦИЈАЛНИ НЕДВИЖНОСТИ

СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА

22 Maj, 2024

ДЕЛ ОД ТЕМИТЕ КОИ ГИ ОПФАЌА АГЕНДАТА НА КОНФЕРЕНЦИЈАТА:

ТЕМА 1

ФИНАНСИРАЊЕ НА ИНВЕСТИЦИИТЕ ВО КОМЕРЦИЈАЛЕН НЕДВИЖЕН ИМОТ

Како финансиските институции реагираат на економската несигурност? Како банките ја проценуваат профитабилноста на инвестициите во комерцијални недвижности и важноста на финансиските модели? Пристап до алтернативно финансирање.

ТЕМА 2

УРБАНИЗАЦИЈА И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

Да учиме од извонредни примери. Градско урбанистичко планирање: како комерцијалните недвижности го обликуваат пејзажот на градот.

POWERED BY: GRAND SKOPJE

ТЕМА 3

ИНВЕСТИЦИИ ВО ХОТЕЛИ

Понекогаш инвеститорите имаат делумно разбирање и прифаќање на хотелите како инвестиција во недвижен имот.

Подобро да ги разбереме можностите.

ТЕМА 4

БИЗНИС ЗГРАДИ

Не само работно место, туку бизнис модел.

Развивање на бизнис зградите како имоти со стабилни приноси.

ТЕМА 5

СЕКТОР МАЛОПРОДАЖБА

Изградба на различни формати за малопродажба со цел да се одговори на потребите на заедницата.

Дали постои совршен микс на закупци за секој формат?

ТЕМА 6

ПАЗАР НА СТАНБЕН ПРОСТОР

Што може да се направи за поодржлив развој на пазарот на станбен простор?

Одговорноста што мора да се сноси.

РЕГИСТРИРАЈ СЕ НА:

www.realestateconference.mk

СОРАБОТКА И ПОДДРШКА

ИНИЦИЈАТОР И ПЛАТИНУМ СПОНЗОР

CUSHMAN & WAKEFIELD | FORTONMKA

ОРГАНИЗАЦИЈА

KLIKER

ГЛАВЕН СПОНЗОР

GRAND SKOPJE

ЗЛАТНЕН СПОНЗОР

ELENA LUKA Home

СРЕБРЕНИ СПОНЗОРИ

HALKBANK Skopje

eurolink Member of GRAWE GROUP

delight

KNAUF

ZSF KOM

INTERVIEW

БЛАГОЈ БОЧВАРСКИ

министер за транспорт и врски

ИНВЕСТИРАМЕ ПРЕКУ ДВЕ МИЛИЈАРДИ ЕВРА ВО ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА

Веќе неколку години сме влезени во силен инвестициски циклус во модернизација на патната инфраструктура, за што инвестираме преку 2 милијарди евра. Исто така, континуирано вложуваме во развој и на железничката мрежа и за тоа говорат и самите бројки, инвестиции од преку 760 милиони евра за изградба на нови пруги. Само минатата година имавме преку 720 милиони евра капитални инвестиции, што само по себе покажува колку се вложувало во инфраструктурата.

Г-н Бочварски, добро развиената патна инфраструктура е 'рбетот на развојот на една економија, но Македонија како да нема „среќа“ изминативе 30-тина години на ова поле - еве и патот од 60-тина километри од Кичево до Охрид стана историски проект. Кажете ми кои се клучните достигнувања на владата предводена од СДСМ во овој дел, моменталните активности и плановите за идните проекти доколку оваа гарнитура ја задржи власта?

Република Македонија создава нова, модерна и квалитетна сообраќајна мрежа која нуди нови правци со кои овозможуваме побрз транспорт на стока и услуги и конкурентски развој на компаниите и раст на националната економија. И токму ова е фокусот на оваа Влада и ресорното Министерство за транспорт и врски кое го предводам. Имаме стратешка позиција на Балканот каде поминуваат два европски коридори 8 и 10 и мораме да ги искористиме нивните предности. Затоа и нашите инфраструктурни политики се насочени кон нивна изградба, односно доизградба и модернизација. Интенцијата е да се обидеме ја задржиме оваа транспортно стратешка позиција и да инвестираме во модерни правци кои нудат нови алтернативни пазари и побрз транспорт за домашните и европските транспортни компании.

Веќе неколку години сме влезени во силен инвестициски циклус во модернизација на патната инфраструктура, за што инвестираме преку 2 милијарди евра. Исто така, континуирано вложуваме во развој и на железничката мрежа и за тоа говорат и самите бројки, инвестиции од преку 760 милиони евра за изградба на нови пруги. Само минатата година имавме преку 720 милиони евра капитални инвестиции, што само по себе покажува колку се вложувало во инфраструктурата.

Од 2017 година, кога власта ја презема Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, досега изградивме и рехабилитиравме над 1.500 километри патна мрежа низ државата. Го доизградивме автопатот кон Штип, изградивме

Од 2017 година, кога власта ја презема Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, досега изградивме и рехабилитиравме над 1.500 километри патна мрежа низ државата. Го доизградивме автопатот кон Штип, изградивме два експресни патишта, бројни магистрални и регионални рехабилитиравме. Само во овој момент активно работиме на изградба на неколку автопатски делници, особено на Коридорот 8 од Тетово кон Гостивар, преку Стража кон Кичево и кон границата со Албанија, а дополнително го градиме и автопатот од Прилеп кон Битола.

два експресни патишта, бројни магистрални и регионални рехабилитиравме. Само во овој момент активно работиме на изградба на неколку автопатски делници, особено на Коридорот 8 од Тетово кон Гостивар, преку Стража кон Кичево и кон границата со Албанија, а дополнително го градиме и автопатот од Прилеп кон Битола. Градиме 2 нови експресни патишта од Градско кон Прилеп и од Ранковце кон Крива Паланка, а веќе спомнав дека завршивме комплетно изградбата на експресните патишта од Штип кон Радовиш и од Штип кон Кочани, каде инвестиравме преку 100 милиони евра. И верувам дека со сите овие инвестиции значително ја подобривме инфраструктурната слика на Македонија и граѓаните тоа го забележуваат и го вреднуваат.

▶ Какви се активностите во делот на одржување на постоечката патна инфраструктура?

Исто така, посветуваме особено внимание и на реконструкција на постоечката патна инфраструктура, каде веќе завршивме со неколку значајни подобрувања на патиштата кон нашите државни граници, од Струга до Ќафасан, Битола – Меџитлија, Крива Паланка кон Деве Баир, Скопје – Блаце, дополнително го реконструиравме и патниот правец Куманово – Страцин, превојот Плетвар, Велес – Градско и уште многу други со кои безбедносно ги подобривме условите за патување, елиминиравме многу црни точки и верувам дека направивме одлична работа во овој дел.

Би сакал да го потенцирам и Проектот за подобрување на локалната патна мрежа во општините, бидејќи тие инвестиции носат директен бенефит за граѓаните и за развој на општините. Преку Министерството за транспорт и врски до сега комплетно завршивме со реконструкција на преку 180 локални патишта и улици со вкупна должина од 173 километри, во над 65 општини, а веќе по завршување на изборниот процес ќе распишеме јавни повици за реконструкција на дополнителни 70 локални патишта.

Нашиот инфраструктурен план предвидува изградба на 190 километри нови автопати и преку 900 километри рехабилитација на други државни патишта. Тоа е нашиот влог за развојот и за просперитетот на општините и државата и силен доказ за нашата посветеност да обезбедиме европска инфраструктура.

Македонски железници неодамна прославија 151 година од основањето, но за жал во амбиент којшто нималку не дава повод за славење: инфраструктурата е во катастрофална состојба, патнички возови речиси и да нема во земјава. Што преземате во оваа област, ќе има Македонија возови во иднина или ќе останеме слепо црево во Европа?

Во делот на железничката инфраструктура, имаме визија на развиена мрежа, конкурентни услови и развој на целокупниот железнички систем. Во контекст на ова сакам да потенцирам дека во овој момент инвестираме рекордни средства од нејзина изградба од независноста на Македонија. На источниот крак на железничкиот Коридор 8 веќе активно ја градиме пругата од Куманово до Крива Паланка во две фази, а оваа година очекувам да продолжиме и со делницата кон граничниот премин Деве Баир и поврзување со Бугарија. Станува збор за една сериозна инвестиција од преку 760 милиони евра, но исто така и доста комплицирана делница за изградба, особено во делот кон Крива Паланка, каде имаме ридско-планински предел и потребна е изградба на голем број мостови и тунели. Но, подготвени сме и за овој предизвик, бидејќи Македонија мора да има квалитетна железничка мрежа. Исто така, завршивме со изградба на пругата Битола – Кременица, инвестиција од 20 милиони евра, а завршивме и со реконструкција на делницата Ногаевци – Неготино на Коридорот 10, инвестиција од 4,8 милиони евра.

Дополнително, оваа Влада ја воведе и долго најавуваната либерализација на железничкиот транспорт со што овозможуваме конкуренција на пазарот и подобар квалитет на услугите за македонските компании. Создаваме услови за намалување на цените на услугите во железничкиот транспорт и поголема предвидливост за граѓаните и компаниите. За држава како нашата, со таква позиција многу е значајно да час поскоро се изгради квалитетна железничка инфраструктура за да се искористат предностите за побрз и поевтин транспорт во споредба со патниот. Тоа што е уште поголем предизвик е изградба на пруга со брзи перформанси на коридор 10. Веќе со Србија започнавме заеднички да ја реализираме оваа идеја, имаме формирано заедничко тело кое работи на овој проект. Тоа што е позитивно е што на оваа иницијатива учество најави и Грција, така да идејата е изградба на брза пруга на потег Белград-Скопје-Солун.

Ајде малку да се префрлиме на тема каде што имаме повеќе со што да се пофалиме... Минатата година беше рекордна по бројот на превезени патници од македонските аеродроми во Скопје и Охрид, па какви се плановите за иден раст и развој на авиосообраќајот во смисла на владини политики за стимулации, субвенции на летови, и други мерки?

Особено ми е драго што нашите успешни политики за развој на цивилното воздухопловство и авиосообраќајот ги даваат посакуваните резултати. Нема здрав и забрзан економски развој без оперативен, ефикасен, безбеден и одржлив воздушен сообраќај и транспорт. Постигнавме рекордно ниво од преку 3,15 милиони превезени патници од нашите два меѓународни аеродроми во 2023 година, додека само од Меѓународниот аеродром Скопје беа превезени 2,9 милиони патници. И очекувам оваа бројка да расте во континуитет и наредните години.

Нескромно е ако потенцирам дека македонскиот авиосообраќај е со втор најголем раст на превоз во Европа со 64,9% зголемување на бројот на патници во 2023 година во однос на 2022 година. Дополнително, забележавме преку 250 илјади воздухопловни операции во 2023 година.

Се поврзуваме со регионот и останатиот дел од Европа преку воспоставување на нови авиолинии. Македонското воздухопловство и во иднина треба да овозможи зголемен број на превезени патници и карго превоз на македонските аеродроми, поволни прелети на авиони во нашиот воздушен простор, поврзување со уште поголем број европски и светски дестинации, зајакнување на заштитата на патничките права, интензивирање на спортско - рекреативните воздухопловни активности, поголема заштита на животната средина и повисоко ниво на безбедност на воздушниот сообраќај на македонското небо. И токму тоа останува во нашиот фокус и во наредниот период, преку давањето финансиска поддршка на авиокомпании кои ќе воведат нови дестинации со ниски цени за македонските граѓани. Исто така, продолжуваме со модернизација на нашите аеродроми преку подигнување

Бочварски со српскиот министер за градежништво, сообраќај и инфраструктура Горан Весиќ при потпишувањето на договорот за заедничка електронска наплата на патарина. „Минатата година оваа мерка се покажа како многу успешна и како резултат на тоа решивме да ја проширime мрежата на земји каде нашите граѓани ќе можат да плаќаат патарина со македонскиот таг.“, вели Бочварски.

Владата предводена од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија даде значење и на социјално – станбената политика, со што директно им помагаме на ранливите категории на граѓани. Во изминатите шест години изградивме или во фаза на изградба се преку 864 социјални станови низ целата држава. До сега комплетно распределивме 9 станбени социјални згради со вкупно 383 социјални станови.

на капацитетите и поставување на нови системи на развој и поголема оперативност.

▶ Какви се резултатите во делот на социјално – станбената политика, што исто така е значаен сегмент што го покрива Министерството за транспорт и врски?

Владата предводена од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија даде значење и на социјално – станбената политика, со што директно им помагаме на ранливите категории на граѓани. Покажавме дека се грижиме за нашите сограѓани, бидејќи секој заслужува похумани услови за живот. Во изминатите 6 години изградивме или во фаза на изградба се преку 864 социјални станови низ целата држава. До сега комплетно распределивме 9 станбени социјални згради со вкупно 383 социјални станови.
Ги изградивме и ги распределивме социјалните згради во Струмица, Македонски Брод, Гостивар, Пробиштип, Виница, Свети Николе, Демир Капија, Гевгелија, Неготино, во текот на 2024 година ќе ги распределиме и социјалните згради во Велес, Скопје и Кочани, со вкупно 375 социјални станови. Предвидена е изградба и на нови социјални згради во Штип и Прилеп. И ова е социјална правда – системски да исправиме таму каде што некој бил обесправен од општеството или околината. Тоа е нашата цел, нашиот фокус се нашите граѓани, секој еден заслужува подобри услови за живот и така продолжуваме понатаму, искрено верувам дека преку оваа политика помогнавме на многу наши сограѓани и им го подобривме квалитетот на живот.

▶ Да го спомнеме и на крајот воведувањето на м-Таг системот, какви погодности донесе за нашите граѓани?

Уште еден успех би рекол и олеснување на граѓаните што направивме е заедничката електронска наплата на патарина со Србија преку м-Таг системот. Минатата година оваа мерка се покажа како многу успешна и како резултат на тоа решивме да ја проширime мрежата на земји каде нашите граѓани ќе можат да плаќаат патарина со македонскиот таг. Веќе се работи на интероперабилноста со системите на Грција, Црна Гора и Босна и Херцеговина и силно верувам дека набрзо ќе може македонските граѓани да ги користат предностите на електронската наплата преку нашиот м-таг и во овие земји.

Брзо решение за твојот план!

Аплицирај за НЛБ **Виолетов потрошувачки кредит** и искористи ја промотивната понуда без трошоци за одобрување!

NLB Banka

НЕСТАНДАРДНИ ФОРМИ НА ВРАБОТУВАЊЕ

ОД НЕРЕГУЛИРАЊЕТО НА ФРИЛЕНСЕРСТВОТО ГУБАТ И ФРИЛЕНСЕРИТЕ И ДРЖАВАТА

Во Македонија расте бројот на фриленсери кои што сакаат да работат од дома, со флексибилен распоред на своето време и да имаат директен пристап до глобални пазари и да бидат конкурентни на тие пазари. Водени се од личниот раст и развој и постојано вложуваат во стекнување на нови вештини и усовршување на постоечките. Меѓутоа, социјалниот статус на фриленсерството сè уште не им нуди социјални бенефити и сигурност.

Деновиве во Скопје се одржа тркалезна маса посветена на "фриленсерството" во Северна Македонија, организирана во рамки на проектот 'Проширување на можностите за претприемништво на младите и економско зајакнување на жените", поддржан од Амбасадата на САД. На тркалезната маса се дискутираше за новите нестандардни форми на "вработување", со фокус на промоција на фриленсерството преку дигитални платформи, како можност за само-вработување и генерирање дополнителни приходи. Во ланското издание на извештајот за фриленс пазарот подготвен од финтек-компанијата за дигитални плаќања, Payoneer, беше вклучена и Македонија, каде што 33 проценти од испитаниците изјавиле дека работат исклучиво како фриленсери.

Ова интернационално истражување опфати 2.000 хонорарно вработени лица во 122 држави, меѓу кои се и балканските земји. Графички и веб-дизајн, програмирање, мултимедијална продукција, како и ИТ-услуги се најбараните од страна на фриленсерите во регионот. Позитивно е што поголемиот дел од југоисточна Европа во претходниот период забележал раст на цената на работните часови (37 отсто

испитаници) споредено со тие што имале пад (10 проценти).

Расте бројот на фриленсери во Македонија

Дигиталните платформи за работа кои се користат за давање на најразлични услуги се резултат на најновата технолошка револуција на пазарот на труд. Бидејќи се релативно нови, истражувачите се стремат да ги дефинираат и измерат, додека креаторите на политиката се соочуваат со предизвикот како да ги регулираат. Овие платформи имаат генерално позитивно влијание на економијата и придонесуваат за креирање на работа и иновации и овозможуваат приход за работниците (често дополнителен) и можност за пристап до вработување на ранливите категории на граѓани. "Во С. Македонија расте бројот на фриленсери кои што сакаат да работат од дома, со флексибилен распоред на своето време и да имаат директен пристап до глобални пазари и да бидат конкурентни на тие пазари. Водени се од личниот раст и развој и постојано вложуваат во стекнување на нови вештини и усовршување на постоечките. Сè уште социјалниот статус на фриленсерството не им нуди социјални бенефити и сигурност. Но, барем од табу тема, Импакт Фондација преку проекти од различни донатори, во последните две години успеа да ја смени перцепцијата на јавноста и да ги мотивира фриленсерите јавно да истапат да вложуваат во себе и денес да бидат горди на својата успешна фриленсерска кариера.", објасни Елена Иванова, директор на Импакт фондацијата, организатор на тркалезната маса. Како одговор на растечките трошоци за живот, 55 проценти од испитаниците во истражувањето на Payoneer прифатиле дополнителен ангажман, додека 32 отсто ја проширile својата листа со клиенти во нови земји. Истражувањето покажа дека испитаниците во југоисточна Европа се помалку наклонети да работат исклучиво како фриленсери или претприемачи (61%) споредено со колегите во другите региони (71%). Во Србија, 59 проценти одговориле дека работат само како хонорарци или имаат свој бизнис, а 41 отсто се вработени во компании. Ситуацијата во балканскиот регион е слична, односно во Северна Македонија 33% изјавиле дека работат исклучиво како фриленсери, додека во Босна и Херцеговина тој број е 40 отсто. Интересен е податокот дека 47% од испитаниците во југоисточна Европа се помлади од 35 години што е статистички понизок процент споредено со сите останати региони опфатени во истражувањето.

Законот е ригиден и не препознава нови форми на вработување

Помеѓу главните предизвици за фриленсерите кои беа дискутирани се: неможноста за остварување на работнички и социјални права (особено за женската млада популација); отсуството на форма



во постојното законодавство која нуди истовремено и флексибилност за работодавачите и сигурност за работниците; потребата за уредување на статусот во регулативата, комплексните административни процедури за плаќање на данокот на личен доход при остварувањето приходи од странство; комплицираниот пристап до приватно здравствено осигурување, можностите кои се понудени од државата за едукација и усовршување на вештините, непостоење на платформа која ги содржи сите информации кои им се потребни и сл.

Надлежните институции, како Министерството за труд и социјална политика, Министерство за финансии, како и Агенцијата за вработување на РСМ, се отворени и сакаат да одговорат на потребите на фриленсерите. Но, не постои брзо решение за трајно да се реши проблемот. Македонскиот закон за трудово право е ригиден и не препознава нови форми на вработување. Постои иницијатива и во процес е изработка на закон за воведување на нова регулатива во делот на работа на дигитални платформи и регистар за доброволно и самостојно регулирање на придонесите за пензиско и здравствено осигурување. За да се забрза процесот, потребно е да се дефинира категоријата на лица кои ги вршат овие работи и видот на ангажманот, со цел да се создаде основ по кој фриленсерите ќе имаат директна врска за влез во задолжителното социјално осигурување.

Стратегија и системска поддршка

Иако сегашната регулатива дозволува да се плаќаат

Македонскиот закон за трудово право е ригиден и не препознава нови форми на вработување. Постои иницијатива и во процес е изработка на закон за воведување на нова регулатива во делот на работа на дигитални платформи и регистар за доброволно и самостојно регулирање на придонесите за пензиско и здравствено осигурување.

придонесите, сепак потребно е поедноставно и директно решение кое ги задоволува меѓународните стандарди. Фриленсерите препорачаа дека е потребно да се развие национална стратегија и пакет мерки за поддршка и развој на фриленсерството и вработување на далечина со цел да се влијае позитивно на екоситемот за фриленсинг во С.Македонија и да се спречи иселувањето на млади и талентирани лица, кои постојано имаат потреба да се едуцираат и усовршуваат за да останат конкурентни на пазарот на труд.

“Дискусијата која ја имавме заедно со сите вклучени страни влеа надеж дека постои засегнатост и волја да се работи на оваа значајна тема. Во моментот губат и двете страни и државата и фриленсерите. И ако може да истакнеме: имаме и трета страна - а тоа е пазарот на тие услуги кој во С.Македонија ќе остане неконкурентен доколку не го развиваме.

Веруваме дека оваа дискусија е појдовна основа за регулирање на статусот на овие лица, согледување на предизвиците и можностите и креирање насоки за делување.” , додаваат од Импакт Фондација.

Овој проект е поддржан од Амбасадата на САД. Мислењата, откритијата и заклучоците или препораките изнесени овде се на имплементаторите/авторите, и не ги одразуваат нужно оние на Владата на САД. ■■■

ProCredit Bank

Денес орочуваш, денес камата добиваш!

до **3.3%** МКД

до **2.3%** ЕУР

на рок од 13 месеци

02/2446-000
mkd.info@procredit-group.com
www.pcb.mk

Следете нè на

INTERVIEW

БОРЧЕ ХАЏИЕВ

директор на Бирото за јавни набавки

ПРОДОЛЖУВАМЕ СО КОНТИНУИРАНО УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЦЕЛОКУПНИОТ СИСТЕМ НА ЈАВНИ НАБАВКИ ВО ДРЖАВАТА

Иако мала институција со околу 30 -тина вработени, а сепак многу надлежности, Бирото за јавни набавки во изминатиот период според зборовите на неговиот директор Борче Хаџиев, бележи многу успеси и голем број на реализирани активности и задачи во рамки на своите надлежности.

Бирото за јавни набавки е формирано во 2005 година, како орган на државната управа, во состав на Министерството за финансии и истото претставува главно и надлежно тело кое што е одговорно за координација и следење на системот на јавните набавки во државата.
Иако мала институција со околу 30 -тина вработени, а сепак многу надлежности, Бирото за јавни набавки во изминатиот период според зборовите на неговиот директор Борче Хаџиев, бележи многу успеси и голем број на реализирани активности и задачи во рамки на своите надлежности.
Со Хаџиев, којшто е на чело на Бирото од 2020 година, разговаравме околу значењето на оваа институција, нејзиното функционирање и усогласеноста со европските регулативи во областа на јавните набавки.

▶ Господине Хаџиев, во јавноста е познато дека Бирото за јавни набавки е надлежно и одговорно тело за Законот за јавните набавки, како и негово следење и имплементација, оттука би сакале да ве прашаме, дали институциите и компаниите успешно го спроведуваат т.е. применуваат Законот за јавните набавки?

Една од главните функции на Бирото за јавни набавки е Регулаторната. Ова подразбира подготовка на нормативни акти од областа на јавните набавки, како и нивно доставување за усвојување до Министерството за финансии, а потоа до Владата и Собранието. Воедно, Бирото континуирано го следи и анализира спроведувањето на законот и другите прописи за јавни набавки и постојано иницира промени за подобрување на целокупниот систем за јавни набавки.
Важно е да се напомене и дека покрај регулаторната функција, Бирото има и советодавна функција, која што сметам дека е многу важна, за правилна примена на Законот за јавните набавки, како и давање мислења, насоки и совети за постапување до договорните органи и економските оператори. Во однос на советодавната функција би сакал да напоменам дека во изминатите три години, Бирото подготви низа прирачници и брошури од областа на јавните набавки.
Како поважни би ги издвоил: Прирачникот за измена на договорите, Упатство за зелени јавни набавки, Прирачник за критериумите избор на економски најповолна понуда (ЕНП) во согласност со националното законодавство на РСМ и добрите европски практики кои што беа изработени со помош на Твининг проектот каде што БЈН е корисник, потоа Брошурата за јавни набавки, Водичот за негативни референци, Прирачник за истражување и анализа на пазарот за јавни набавки, а во фаза на подготовка се и други прирачници и брошури кои што ќе бидат објавени до крајот на 2023 година.
Воедно, беа изготвени и објавени модели на тендерски документации за набавки од мала вредност и за поедноставена отворена и отворена постапка. Овде би сакал да напоменам и дека во изминатиот период воспоставивме соработка со Стопанските комори, а од соработката произлегоа голем број на Модели на технички

спецификации за стандардни стоки и услуги кои што се објавени на веб сајтот на БЈН и истите се достапни на договорните органи.
Би сакал да се навратам и на суштината на вашето прашање, а во однос на правилната примена на Законот за јавните набавки.
Од оваа година започна да функционира и Одделението за правни работи и прекршочни постапки во рамки на Бирото, а веќе во втората половина на годинава Бирото оформи 47 прекршочни предмети за кои поднесе соодветни поднесоци до надлежните судови во државата.

▶ Дали во земјава постои систем за контрола на јавните набавки?

Да, во нашата земја постои систем на контрола на постапките за јавни набавки. Покрај останатите надлежни институции кои се дел од системот на јавните набавки, Бирото за јавни набавки исто така врши Управна контрола. Имено, Управната контрола на постапките за јавни набавки се врши на секоја постапка која што е над 500.000 евра во денарска противвредност за стоки или услуги и над 2.000.000 евра во денарска противвредност кај набавките на работи.
Во текот на 2023 година, беше направена Управна контрола на 308 постапки за јавни набавки, од кои за 266 постапки не беа утврдени неправилности, а за останатите беа утврдени неправилности, по што беа дадени насоки на договорните органи да извршат повторна евалуација или повторно одлучување или пак беа дадени насоки за поништување на постапките.
Дополнително, би сакал да напоменам и дека од почетокот на 2023 година, За останатите постапки за јавни набавки кои што се под горенаведените прагови се врши управна контрола врз основа на проценка на ризици според утврдени индикатори на Електронскиот систем за јавни набавки. Во 2023 година, беше направена контрола на 67 постапки по случаен избор, во 44 од нив не беа утврдени неправилности, додека за 23 постапки за јавни набавки беа утврдени неправилности и беа дадени насоки за поништување или насоки да извршат повторна евалуација.

▶ Кажете ни нешто повеќе за Електронскиот систем за јавни набавки, како функционира тој?

Електронскиот систем за јавни набавки е во надлежност на Бирото за јавни набавки и важно е да се напомене дека истиот е доста развиен, со висока транспарентност, но и многу едноставен за користење.
Како што е познато, електронските набавки се задолжителни во државата, секоја набавка во сите фази се спроведува преку Електронскиот систем за јавни набавки. Почнувајќи од планирање, објавување на постапката и нејзина евалуација, како и склучување договори и жалби.
Во изминатиов период беа направени многу надградби и пуштени во употреба нови функционалности. Како поважни би ги издвоил модулот за фактури во електронска форма, модулот за дигитално потпишување на документи на апликативно ниво, можноста за спроведување на електронско спроведување на технички дијалог итн.
Притоа, како една од алатките за транспарентност, но и можност за понатамошно истражување и анализи беше воведена функционалност со која се овозможува филтрирање на сите склучени договори и можност за нивно преземање во CSV формат.
Во однос на електронските набавки, како една од најважните работи кои што успеавме да ги реализираме е развојот на новата платформа за набавки од мала вредност, која што е позната како Е-пазар. Истата овозможува на договорните органи и економските оператори електронско тргување, а се со цел спроведување на брзи, едноставни и економични набавки на стоки и услуги до 10.000 евра во денарска противвредност.
Во однос на користењето на платформата Е-пазар, беа спроведени и обуки за договорните органи и економските оператори, беа изготвени Прирачници, а се објавија и едукативни видеа каде што во детали се објаснува функционирањето и користењето на платформата.

▶ Во текот на 2022 година започна билатералниот скрининг процес за Република Северна Македонија, дали законската регулатива за јавните набавки во земјата е усогласена со правото на Европската Унија?

Новите директиви на Европската Унија кои се однесуваат на јавни набавки се транспонирани во новиот Закон за јавни набавки кој што е на сила од 1ви април 2019 година. Националната правна рамка за јавни набавки во Република Северна Македонија, т.е. Законот за јавните набавки и Законот за јавни набавки од областа на одбраната и безбедноста се усогласени со соодветните директиви на Европската Унија.
Истото беше потврдено и од страна на ЕУ со нацрт-извештајот од скринингот за Кластер 1, односно Поглавје 5 – кое се однесува на Јавните набавки, а каде што Бирото за јавни набавки е носител.
Исто така, Во текот на 2023 година, имавме и учество на билатерален скрининг за Поглавје 22 - Регионална политика и координација на структурни инструменти и Поглавје 30 – Надворешни односи.
Сепак, не застануваме овде, продолжуваме со континуирано унапредување и подобрување на целокупниот систем на јавни набавки во државата.

▶ Дали имате воспоставено соработка со меѓународни организации и експерти?

Бирото за јавни набавки во изминатиот период ја интензивираше соработката со СИГМА, која што е заедничка иницијатива на ОЕЦД и ЕУ, Светска банка, како и експерти од Твининг проектот во кој што бевме корисник. Беа реализирани две студиски посети, во р. Хрватска и р. Бугарија, каде што претставници од Бирото за јавни набавки и Државната комисија за жалби по јавни набавки присуствуваа, беа разменети искуства, мислења и добри практики.
Напоменав и претходно дека во соработка со Твининг проектот беа изготвени и неколку прирачници, а во 2021 година беа одржани и наменски обуки за договорни органи и економски оператори.

▶ Неодамна објавивте дека Македонија ги завршила преговорите за пристапување кон Спогодбата за јавни набавки на Светската трговска организација. Што значи пристапувањето кон оваа спогодба?

Спогодбата е дел од системот на Светската трговска организација, а Република Северна Македонија има преземено обврска да ги отпочне преговорите за членство во оваа спогодба со пристапувањето кон СТО. Преговорите започнаа во 2017 година, под водство на Бирото за јавни набавки и Министерството за економија.
Спогодбата за јавни набавки предвидува отворање на пазарите за јавни набавки во земјите – членки за економски оператори од другите земји – членки. Република Северна Македонија секако има отворен пазар за јавни набавки,

Во изминатиов период беа направени многу надградби и пуштени во употреба нови функционалности на Електронскиот систем за јавни набавки. Како поважни би ги издвоил модулот за фактури во електронска форма, модулот за дигитално потпишување на документи на апликативно ниво, можноста за спроведување на електронско спроведување на технички дијалог итн.

така што од тој аспект, ништо не губиме, а отвораме простор за нашите фирми да влезат на пазарите на другите земји – членки, под исти услови како и нивните домашни компании.
Пристапувањето кон Спогодбата, исто така, означува дека домашните прописи и пракса за јавни набавки се базираат на сите добри меѓународни практики кои се утврдени во самата Спогодба.
По одржани 12 рунди преговори во текот на последните 5 години, Комитетот на Спогодбата ја усвои Одлуката за пристапување на Република Северна Македонија кон оваа Спогодба во јуни оваа година, а земјата официјално стана Страна на Спогодбата на 30 октомври, откако беа завршени внатрешните процедури за ратификација на Спогодбата. Вкупно 48 земји членки на Светската трговска организација членуваат Спогодбата, а Република Северна Македонија стана 49 земја – членка. Искрено, ова го сметам како значаен успех за Бирото за јавни набавки и за целата држава.
Бирото планира наредната година да оствари повеќе активности за промоција на Спогодбата кај деловната заедница во соработка со стопанските комори, со цел да ги запознае домашните компании со погодностите што Спогодбата ги предвидува и можностите што ги нуди.

Каква е соработката на Бирото со останатите институции и важни субјекти во државата?

Во врска со воспоставување и унапредување на соработка на национално ниво, особено би сакал да ги споменам склучените меморандуми со Економскиот факултет и Правниот факултет Јустинијан Први при Универзитетот Св. Кирил и Методиј.
Конкретно во текот на 2022 година, склучивме Меморандуми за соработка со горенаведените факултети, а од меѓусебната соработка произлезе и стручно правно мислење во врска со одредени прашања за измени на договори за јавни набавки, кое што беше изработено од професори од Правниот факултет.
Исто така, согласно воспоставената соработка, доставивме и барање за практиканти од факултетите, по што очекуваме во периодот што следи да ја интензивираме соработката на повеќе нивоа.
Дополнително, во изминатиот период се склучија меморандуми и се интензивираше соработката со Комисија за заштита на конкуренцијата, Финансиска полиција, Државен завод за

Спогодбата за јавни набавки на Светската трговска организација кон која пристапивме, предвидува отворање на пазарите за јавни набавки во земјите – членки за економски оператори од другите земји – членки. Република Северна Македонија секако има отворен пазар за јавни набавки, така што од тој аспект, ништо не губиме, а отвораме простор за нашите фирми да влезат на пазарите на другите земји – членки, под исти услови како и нивните домашни компании.

ревизија, Државна комисија за жалби по јавни набавки и Државната комисија за спречување на корупцијата.

Ги споменавте обуките преку Твининг проектот, а познато е во јавноста дека Бирото за јавни набавки организира и спроведува обуки за лица за јавни набавки, оттука би сакале да ве прашаме каква е заинтересираноста за слушање на ваков тип на обуки?

Согласно правилникот за спроведување на едукација, едукацијата се спроведува врз основа на Програма за едукација, а наставната програма содржи неколку видови на обуки, и тоа: Наставна програма за обука за лица за јавни набавки, наставна програма за обука за обучувачи за јавни набавки, како и наставна програма за продолжување на потврдата за обучувачите и наставна програма за продолжување на важноста на потврдата за лице за јавни набавки. За стекнување со сертификат за јавни набавки по прв пат, лицата е потребно да се пријават преку Електронскиот систем за едукација, по што истите слушаат пет (5) дневна обука, а потоа полагаат писмен испит. Потврдата е со важност од три (3) години, а доколку сакаат да ја обноват, учесниците слушаат еднодневна обука, па полагаат писмен испит.

Особено сум горд што оваа година успеавме да воспоставиме и пуштиме во употреба нов електронски систем за едукација, кој што е модернизиран, унапреден и подобрен.

Воедно, во оваа прилика, би сакал да ве известам и дека Бирото за јавни набавки, во соработка со меѓународни Експерти од Твининг проект, како и од други меѓународни организации, во изминатиот период работеше на изготвување на законски измени, креирање на нова програма за Едукација, како и тотално нов и модернизиран концепт на сертифицирање на службениците за јавни набавки.

Во однос на заинтересираноста, оваа година имавме пријавени повеќе од 300 кандидати за сертификација, а околу 280 кандидати за продолжување на важноста на потврдата за лице за јавни набавки.

Возете кон иднината.

НОВИОТ TAYCAN.

Новиот и целосно електричен Porsche Taycan го претставува врвот на електричните перформанси, беспрекорно ја интегрира брзината со неспоредлива ефикасност. Како прв електричен спортски автомобил од Porsche, новиот Taycan, ги редефинира границите на автомобилското инженерство, нудејќи возачко искуство кое е возбудливо колку што е и еколошки свесно.

PORSCHE

Потрошувачка на електрична енергија комбинирана во kWh/100 km (WLTP): 21.6–20.7; Емисии на CO_2 комбинирани во g/km (WLTP): 0; електричен опсег во km (WLTP): 528–554 · 638 – 677 (град); Статус на 04/2024.

ГОЛЕМ УСПЕХ ЗА МАКЕДОНСКАТА НАУЧНИЧКА

СВЕТЛАНА МОЈСОВ ИЗБРАНА ОД МАГАЗИНОТ ТАЈМ МЕЃУ 100-ТЕ НАЈВЛИЈАТЕЛНИ ЛУЃЕ ВО СВЕТОТ

Борбата на Светлана Мојсов да ги добие заслужените признанија за нејзината работа на откритието кое помага во борбата против дијабетесот трае со децении. Вработена долги години на Универзитетот Рокфелер во Њујорк, таа е еден од клучните луѓе во револуционерното откритие на хормонот GLP-1 којшто го регулира шеќерот во крвта, и коешто го отвори патот за блокбастер лековите против дијабетес и дебелина што им донесоа десетици милијарди долари на Ново Нордиск и другите светски фармацевтски компании.

Светлана Мојсов, Македонка која работи како истражувач и професор на Рокфелер Универзитетот во Њујорк, е именувана на листата на „Тајм 100“ за највлијателни луѓе за 2024 година, која им оддава признание на уметници, иноватори, лидери и пионери во различни области.

Мојсов го доби ова признание поради нејзините револуционерни откритија околу хормонот што го регулира шеќерот во крвта, наречен GLP-1, кој пак, го отвори патот за блокбастер лековите против дијабетес и дебелина Ozempic, Victoza и Wegovy. Овие таканаречени GLP-1 агонисти ја трансформираа клиничката пракса на третирањето на шеќерот во крвта и губењето на тежината.

Професорката Мојсов почнала да го истражува дијабетесот при Рокфелер Универзитетот како студент и постдокторски истражувач во лабораторијата на нобеловецот Брус Мерифилд.

Во 1980-тите, таа преминала во Општата болница во Масачусетс, каде што започнала да го истражува тогаш мистериозниот GLP-1 (пептид 1 сличен на глукагон). Таа е првиот научник во светот кој што ја идентификуваше биолошки активната секвенца на GLP-1, скриена во неговата целосна низа од 37 амино киселини.

Во соработка со други истражувачи, Мојсов продолжи во напорите да докаже дека GLP-1 предизвикува ослободување на инсулин во панкреасот, што потоа доведе директно до терапевтски развој на GLP-1 агонистите. Фактот што оваа нова класа на лекови сега ја користат милиони луѓе предизвикува големо задоволство кај професорката Мојсов, која што вели: „Тоа ме прави да се чувствувам професионално и лично исполнето“.

Борба за признание на заслугите

Сепак, дури и кога неколку научници добија ловорики за овие фармаколошки откритија, придонесот на Мојсов постојано беше некако тргнат настрана.

Со текот на годините, таа научи успешно да се бори за да го вклучи своето име во патентите за GLP-1 како ко-пронаоѓач и коригираше написи во списанија од висок профил кои го испуштија нејзиниот придонес.

Неодамнешните стории во угледните научни списанија Science и STAT ја ставија во фокус долго занемарената кариера на Мојсов, која започна во Рокфелер Универзитетот во 1972 година, кога таа се приклучи на лабораторијата на биохемичарот Брус Мерифилд, добитник на Нобелова награда.

Светлана, којашто денес е во своите 70-ти години, е инаку ќерка на поранешниот македонски и југословенски висок политичар и дипломат со светска кариера, Лазар Мојсов, којашто во САД дошла пред 52 години на постдипломска програма на Рокфелер, од Белград, тогашна СФРЈ, каде што дипломирала хемија.

Го пренесуваме кусиот разговор на прес службата на Рокфелер Универзитетот со Мојсов за историјата на нејзиното откритие и кои поголеми лекции може да ги земе научната заедница од нејзиното искуство.

▶ Како почнавте јавно да зборувате за вашата улога во создавањето на овие лекови?

Кога некои од моите соученици и колеги од лабораторијата Мерифилд дознаа дека не добивам признание за мојот клучен придонес за откривањето на GLP-1, ме натераа да зборувам.

▶ Значи навистина беше пресудна поддршката од останатите научници.

Така е. Со години, јас и не бев премногу загрижена околу тоа, бидејќи секогаш сметав дека моите трудови ќе зборуваат сами за себе. Но, списанијата од висок профил објавуваа трудови кои ги минимизираа или испуштаа моите придонеси. Тогаш решив да се борам за себе.

▶ Првпат го истражувавте дијабетесот како студент на Рокфелер. Како дојде до тоа?

Кога дојде време да го изберам мојот проект за докторатот, Брус Мерифилд побара од мене да најдам тема на која би можела со жар да работам со години. Го избрав хормонот глукагон затоа што сакав да работам на нешто со медицински импликации. Глукагонот го зголемува шеќерот во крвта, па се прашувавме дали со негово потиснување може да се третира дијабетес тип 2. Требаше да создадеме практично соединенија аналогни на глукагонот за да ја проучуваме неговата биологија.

Д-р Мерифилд разви метод за синтеза на пептиди наречен синтеза на пептиди во цврста фаза, но други научници ми рекоа дека никој не можел да го користи тој метод за глукагон. Мерифилд инсистираше: „Не треба да се обесхрабруваш“. И направив да функционира.

Ми требаа три и пол години откако докторирав - останав како постдокторски студент за да го завршам. Немаше да заминам додека не завршам! И беше толку исполнувачко искуство. Кога дизајнирате експеримент, направете го тоа со свои раце и всушност покажете дека функционира, тоа е фантастично.

На некој начин, моето откритие на GLP-1 во Општата болница во Масачусетс во Бостон беше продолжение на она што го направив во Рокфелер. Тоа го сметам како посвета на Брус Мерифилд.

▶ Ozempic, Wegovy и Victoza сега ги користат милиони луѓе. Како се чувствувате поради тоа?

Навистина радува. Првиот лек што се појави на пазарот, Victoza, се базираше на GLP-1 секвенцата што ја открив. Тоа ме натера да се



чувствувам професионално и лично исполнето.
Други кои работеа на GLP-1 добија награди, но јас чувствував дека кога стана лек, тоа беше мојата награда.

▶ Какви реакции добивте на вашата приказна?

Изненадена сум од тоа колкава поддршка добивам. Една од најдобрите работи е што добив многу убави пораки од моите соученици од лабораторијата на Мерифилд и од колегите од Рокфелер. Не ги читам социјалните мрежи, но ми кажаа дека и таму има голема поддршка. Не очекував дека ќе направи таква разлика. Но, претпоставувам дека луѓето се поврзуваат со приказната.

▶ Во која смисла сметате дека луѓето се поврзуваат?

Добив пораки од толку многу жени кои чувствувале недоволно признание во нивните кариери. Јас лично, го имам длабоко вкоренетото чувство дека едноставно избрав професија која ме интересираше. Пораснав во Југославија во 60-тите години, со идејата дека нема „машки“ и „женски“ професии. Така, кога дојдов овде во 1972 година, никогаш не почувствував дека влегувам во машка професија. Но, мислам дека има поширока поента во моето искуство околу проблемите со тоа како всушност се вреднува научното знаење.

▶ Во која смисла?

Кога некој објавен научен труд испушта да го спомне истражувањето што е релевантно или врз коешто самиот труд е изграден, тоа подоцна има ефект на снежна лавина врз идните цитати и истражувања. Односно, ако вашата работа е занемарена во труд во кој треба да се наведе

Неодамнешните стории во угледните научни списанија Science и STAT ја ставија во фокус долго занемарената кариера на Мојсов, која започна во Рокфелер Универзитетот во 1972 година, кога таа се приклучи на лабораторијата на биохемичарот Брус Мерифилд, добитник на Нобелова награда. Светлана, којашто денес е во своите 70-ти години, е инаку ќерка на поранешниот македонски и југословенски висок политичар и дипломат со светска кариера, Лазар Мојсов, којашто во САД дошла пред 52 години на постдипломска програма на Рокфелер, од Белград, тогашна СФРЈ, каде што дипломирала хемија.

како референца, идниот труд кој го цитира тој труд исто така нема да ја вклучи вашата работа. И така натаму. Со текот на времето, вашето истражување едноставно се брише.

▶ Што мислите, како може да се решат ваквите проблеми?

Клучот е да се цитираат примарните трудови. Ова не е радикална идеја - тоа е она што ме учеше на постдипломските студии професорот Сид Стрикленд.

(Во следниот број на Капитал: Читајте поопширно за патот до револуционерните научни откритија на Светлана Мојсов и нејзината неколкудецениска борба да си го добие заслуженото признание)

CITY
FASHION
MULTIBRAND STORES
Brejk
x
KARL
LAGERFELD
WWW.CITYFASHION.MK | Skopje City Mall / East Gate Mall / GTC / Diamond Mall

ПРАВАТА НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ И ЦЕЛИТЕ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

ГРАДЕЊЕ ЗАЕДНИЧКА ИДНИНА СО ПОМОШ НА КРЕАТИВНОСТ И ИНОВАЦИИ

Автор:
Работна група за права од интелектуална сопственост при Американската стопанска комора во Република Северна Македонија

Светот го движат напред креативните идеи кои нудат решенија на различните проблеми со кои се соочуваме како поединци, групи или како општество. Почнувајќи од едноставните камени орудија, преку парната машина, до комплексни модели на интернет на нештата, иновациите ги поместуваат границите на она што дотогаш се сметало за реалност и, на тој начин, го олеснуваат нашиот живот и ни помагаат да го подобриме светот во кој живееме.

Сепак, за да дојде до иновации и други творби на човечкиот ум, како што се индустриските дизајни, трговските марки, компјутерските програми, романите, филмовите, песните и слично, креативноста и вештините на иноваторот или авторот не се единствените услови коишто треба да се исполнат. Напротив, потребно е да постои и соодветен механизам кој ќе го поттикне креативниот процес и ќе го поддржи ризикот поврзан со истражување нови, непознати области.

Ваков механизам е всушност системот на правата од интелектуална сопственост. Неговата улога е да обезбеди баланс помеѓу правото на иноваторот и јавниот интерес, односно, од една страна, да им гарантира на иноваторите дека нивната заслуга за конкретниот пронајдок ќе биде признаена и дека ќе добијат соодветна материјална корист за резултатите од нивниот труд, но, од друга страна, ќе овозможи и пристап до придобивките од пронајдоците за поширокото заедница, под разумни услови.

Со слична цел како и иновациите, односно за справување со предизвиците со кои се соочува општеството, во 2015 година, земјите-членки на Обединетите нации, вклучувајќи ја и Република Северна Македонија, ги усвоија Целите за одржлив развој (ЦОР), како дел од Агендата за одржлив развој 2030. ЦОР претставуваат сет од 17, меѓусебно поврзани и меѓузависни цели насочени кон подобрување на животниот стандард на луѓето и елиминирање на сиромаштијата, зачувување на планетата Земја и биодиверзитетот, одржлива економија и т.н.(преглед на сите ЦОР е даден во рамката во прилог на овој текст).

Улогата на интелектуалната сопственост во остварување на ЦОР

Правото на интелектуална сопственост може да одигра клучна улога во процесот на остварување на сите ЦОР, а во продолжение споделуваме неколку примери за тоа.

Интелектуалната сопственост можеме да ја поврземе со целите поврзани со достоинствена работа и одржлив економски раст или со инклузивна и одржлива индустрија, иновација и отпорна инфраструктура (ЦОР 8 и ЦОР 9 соодветно). Заштитата на пронајдоците, трговските марки и индустриските дизајни ги поттикнува поединците и компаниите да креираат и инвестираат, што меѓу другото, доведува и до отворање нови работни места и подобрување на животниот стандард, што значи дека придобивките од креативните активности ќе ги почувствува поширокото заедница.

Понатаму, иновациите во

медицината, развојот на медицинската технологија, како и пронаоѓањето нови лекови и медицински помагала, директно придонесуваат кон унапредување на глобалното здравје и добросостојба (ЦОР 3). Патентите, како еден дел од правата на интелектуална сопственост, обезбедуваат заштита за времето, трудот и ресурсите што се вложени во развивањето на новите терапии и лекови и им овозможуваат на носителите на правото да си ја вратат инвестицијата. На овој начин, носителите на правата од интелектуална сопственост се мотивирани да започнат нови циклуси на истражување и развој што води до справување со нови медицински состојби.

Нашиот следен пример се однесува на пронајдоците од областа на управување со ресурси. Ваквите иновации имаат потенцијал да предизвикаат револуција во остварување на целите поврзани со обезбедување пристап до чиста вода и санитарни услови за сите, вклучително и одржливо менаџирање со водата и санитарните услови, понатаму, пристапно, одржливо, модерно и сигурно снабдување со електрична енергија, одговорна потрошувачка и производство, справување со климатските промени, заштита на водните површини, одржливо искористување на земјата и заштита на копнениот биодиверзитет и т.н. (ЦОР 6, 7, 12, 13, 14 и 15 соодветно). Вака, директно се придонесува кон зачувување на животната средина што доведува и до заштита на здравјето, како и до долгорочна достапност на ресурсите за идни употреби и нивна порамномерна распределба, што ги намалува шансите од потенцијални немири и ја унапредува општествената кохезија. (ЦОР 3 и ЦОР 16)

Неограничени можности и идни чекори

Наведените примери се само илустративни, а можностите што ги нуди креативноста за создавање подобри услови за сите – неограничени!

Затоа, иновациите се клучен двигател на општествениот напредок и неопходна е нивна соодветна заштита. Во овој момент, од суштинско значење е да се продолжи со унапредување на правната и институционалната рамка на интелектуалната сопственост за да се поттикне креативниот потенцијал за постигнување на ЦОР и обезбедување похуман и поодржлив свет. ■■■

ЦЕЛИ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ

Цел 1: Да нема сиромаштија - да се стави крај на сиромаштијата во сите нејзини форми насекаде.

Цел 2: Да нема глад - да се стави крај на гладувањето, храната да биде безбедна, да се подобри начинот на исхрана и да се промовира одржливо земјоделство.

Цел 3: Добро здравје - да се обезбеди здрав живот и да се промовира благосостојба за сите луѓе од секоја возраст.

Цел 4: Квалитетно образование - да се обезбеди инклузивно образование со рамномерен квалитет и да се промовираат можностите за доживотно учење за сите.

Цел 5: Родова еднаквост и еманципација на сите жени и девојки.

Цел 6: Чиста вода и санитарни услови - да се обезбеди одржливо управување со водата и санитарните услови и да се гарантира пристапот до нив за сите.

Цел 7: Обновлива и достапна енергија - да се обезбеди пристапно, одржливо, модерно и сигурно снабдување со електрична енергија за сите.

Цел 8: Достоинствени работни места и економски раст - промовирање на инклузивен и одржлив економски раст, вработување и достоинствена работа за сите.

Цел 9: Иновативност и добра инфраструктура - изградба на отпорна инфраструктура, промовирање инклузивна и одржлива индустријализација и поттикнување на иновации.

Цел 10: Намалена нееднаквост во и помеѓу државите.

Цел 11: Одржливи градови и населби - инклузивни, безбедни, отпорни и одржливи градови и населби.

Цел 12: Одговорно користење на ресурсите – обезбедување одржлива потрошувачка и производство.

Цел 13: Климатска акција - Преземање итни мерки за борба против климатските промени и нивното влијание.

Цел 14: Заштита на водните површини – Зачувување и одржливо користење на океаните, моријата и морските ресурси.

Цел 15: Заштита на копното - заштита и обновување на копнените екосистеми, одржливо управување со шумите, запирање на деградацијата на земјиштето и заштита на биодиверзитетот.

Цел 16: Мир, правда и силни институции - промоција на мирољубиви и инклузивни општества за одржлив развој, пристап до правда за сите и изградба на ефективни, отчетни и инклузивни институции на сите нивоа.

Цел 17: Партнерство за одржлив развој - зајакнување на средствата за спроведување и обновување на глобалното партнерство за одржлив развој.

INTERVIEW

МАРИЈА КУКУНОСКА

основач и главен извршен директор, Премиум Сејфти Солушн

БЕЗБЕДНОСТА И ЗАШТИТАТА СЕ ФУНДАМЕНТ ЗА УСПЕШЕН И ОДРЖЛИВ БИЗНИС ВО ВРЕМЕ НА БРОЈНИ РИЗИЦИ И КРИЗИ

Безбедноста е еден од најбитните елементи за секој бизнис и со имплементација на сите законски прописи и стандарди за безбедност секоја компанија го штити своето работење од можни ризици и непредвидени ситуации и секако, на крајот оддава доверба и сигурност кај вработените кои се чувствуваат сигурно и безбедно на своите работни места.



Компаниите и граѓаните се делумно запознаени со можните и потенцијални ризици, но она што е многу битно и би сакала посебно да го потенцирам е дека во овој дел е потребна темелна и континуирана едукација на населението и одделно кон компаниите, со акцент на превенција и како да се постапува во дадена несакана ситуација на пожар или повреда на работно место.

Својата компанија Премиум Сејфти Солушн (Premium Safety Solution) г-ѓа Марија Кукуноска ја основала со идеја да понуди нов современ концепт за безбедносни решенија, со широк спектар на услуги во делот на противпожарна заштита, заштита и спасување, безбедност и здравје при работа, како и заштитата на животната средина. Цел на овој концепт е да може да одговори на барањата на големи клиенти во сите делови на безбедноста.

Големо внимание и фокус е насочено кон едукативниот дел за што говорат многубројните тековни и изминати проекти кои беа реализирани за само една година, а иницирани од страна на Кукуноска и нејзиниот тим, а во соработка со повеќе домашни и меѓународни институции.

„Мојата идеја е да ги поместам стандардните делувања на компаниите, да станеме конкуренција со силни и професионални делувања и заедно како фела, да ја доведеме безбедноста на нивото кое заслужува да биде“, истакнува Кукуноска во интервјуто за Капитал.

Таа смета дека менаџментот на компаниите, без разлика дали се приватни или државни, треба да го промени размислувањето за противпожарната заштита и безбедноста на работа.

„Тоа не е само нешто кое мора да се има поради задоволување на законските нормативи, туку компаниите треба да учествуваат во една своевидна конкуренција за престиж во имплементација на безбедносните стандарди.“

Зошто е важно секој бизнис да размислува за безбедноста, заштитата и здравјето на работното место?

Безбедноста е еден од најбитните елементи за секој бизнис и со имплементација на сите законски прописи и стандарди за безбедност секоја компанија го штити својот бизнис од можни ризици и непредвидени ситуации и секако, на крајот оддава доверба и сигурност кај вработените кои се чувствуваат сигурно и безбедно на своите работни места.

Дали нашите компании и граѓани се свесни за потенцијалните ризици поврзани со безбедноста – дали размислуваат за подигнување на стандардите во безбедноста?

Од наше искуство, компаниите и граѓаните се делумно запознаени со можните и потенцијални ризици, но она што е многу битно и би сакала посебно да го потенцирам е дека во овој дел е потребна темелна и континуирана едукација на населението и одделно

кон компаниите, со акцент на превенција и како да се постапува во дадена несакана ситуација на пожар или повреда на работно место.
За подигнување на стандардите за безбедност на индивидуално ниво, дефинитивно не се размислува, а за тоа да се постигне според мене потребно е изготвување на национална стратегија за едукација каде би биле вклучени сите компетентни чинители, од приватен и јавен сектор и таквата поставеност на тимовите би овозможила соодветна и високо професионална обука и тренинг (теоретски и практично).

▶ Во контекст на претходното би сакале да ве прашаме, според вашето искуство, кои се најчестите предизвици со кои нашите компании се соочуваат во доменот на спроведување на мерките за заштита и спасување и обезбедување здравје и безбедност на работното место?

Најголемиот предизвик или поконкретно проблем кај нашите компании при спроведување на мерките за заштита и спасување и обезбедување здравје и безбедност на работното место го детектирам во неколку сегменти
Прво, начинот на работа на компаниите кои нудат услуга за обезбедување на здравје и безбедност на работното место и спроведување на мерките за заштита и спасување, во смисла дека многу малку или воопшто не работат на грижата за корисници и едукацијата на своите клиенти како правилно и најдобро да ги имплементираат и спроведат овие мерки.
Понатаму, во нерегулираноста на пазарните цени, особено во противпожарната заштита, каде што се појавуваат конкуренти со нереално ниски цени и самиот клиент е доведен во ситуација да не избере квалитет, бидејќи квалитетот секогаш чини повеќе. И секако, она што го споменав и погоре, а тоа е недостиг на информации и едуцираност, кои што се и тоа како потребни за еден бизнис да ги има применето сите мерки за заштита и спасување и обезбедување здравје и безбедност на работното место.

▶ Како се мери успешноста на програмите за здравје и безбедност на работното место – што треба да направат компаниите?

Во една компанија многу лесно може да се направи скенирање на успешноста на воведените програми за здравје и безбедност на работното место, како и почитување на истите со што се зема предвид бројот на евидентирани настанати повреди на работно место, исто така како една компанија се справила со потенцијална опасност, како на пример почетен пожар, на кој начин вработените ја спровеле евакуацијата, колку вработените се запознаени со потенцијалните опасности на своето работно место. Сите овие индикатори, ја мерат успешноста на воведените програми за здравје и безбедност на работното место, но исто така што е многу битно, даваат слика и за начинот на работа на надворешните компании кои се задолжени за следење и имплементација на програмите за здравје и безбедност.

▶ Како вашата се разликува од останатите компании кои обезбедуваат услуги во областа на безбедноста?

Се разликуваме пред сè во начинот на кој пристапуваме кон нашите клиенти, односно наш приоритет е детална анализа на потребата на клиентот, понатаму кратка едукација за она што ние ќе го понудиме зошто, каде и како може да го имплементира и примени и на овој начин воспоставуваме долготрајна соработка која се темели на доверба и одржливост. Поставеноста и екипираноста на нашиот тим е исто така нешто што нè разликува од останатите.

▶ Би сакале да ве прашаме и за една тема и предизвик која подолго време бара посебно внимание, а тоа се ризиците од пожари и противпожарната заштита - кои се најголемите предизвици во заштитата од пожари – дали правиме како бизниси и држава сè што можеме во оваа насока?

Како компанија се разликуваме пред сè во начинот на кој пристапуваме кон нашите клиенти, односно наш приоритет е детална анализа на потребата на клиентот, понатаму кратка едукација за она што ние ќе го понудиме зошто, каде и како може да го имплементира и примени и на овој начин воспоставуваме долготрајна соработка која се темели на доверба и одржливост.

На оваа тема има многу што да се каже, но ќе се обидам кратко и сублимирано да одговорам. Предизвици има многу и за да се постигне посакуваното и високо ниво треба самата држава односно институциите кои се надлежни континуирано да ги контролираат и се грижат за компаниите кои работат во делот на противпожарна заштита од една страна, од друга страна компаниите треба да посветат внимание на подигнување на стандардите на работа и професионалност и задолжително регулирање на цените на услугите и стандардите за противпожарната опрема која се нуди на пазарот.

▶ Дали е тешко да се менаџира компанија која работи во областа на безбедноста – како успевате да бидете во тек со најновите стандарди, а воедно да одговорите на бројните потреби на компаниите и граѓаните?

Во секоја прилика сакам да потенцирам дека лично јас се доживувам како човек кој го менаџира процесот, иако веќе и академски се едуцирам во делот на безбедноста, и пред мене е нов предизвик-докторски студии за заштита од пожари. Исклучително е тешко во нашиов амбиент да се менаџира ваков тип на компанија и истото бара исполнување на неколку сегменти истовремено. Како прв и најбитен сегмент, препознавање на потребите на клиентите, процена на нивната спремност за имплементација и спроведување на мерките, понатаму оформување на добар и професионален тим; постојана надградба и едукација, лична и на тимот; следење на сите тековни трендови и новитети; точно и навремено услужување и информирање на клиентите; секогаш достапност за клиентите во случај на непредвидени интервенции; обезбедување на соодветни простории за организација на обуки и тренинзи; обезбедување на современа опрема за мерење; воспоставување на високопрофесионална соработка со институциите и сите релевантни фактори како комори, здруженија, институти итн.

▶ На крај едно лично прашање - каков предизвик беше започнување на ваков тип на бизнис?

Безбедноста е дел од бизнисот без кој ниедно правно лице не може и не смее да функционира.
Оттука да се започне бизнис за кој едноставно знаете дека имате загарантиран пласман од една страна, од друга страна дека е нешто за што компаниите веќе имаат свој тековен добавувач и сега вие како нов играч на пазарот треба да се позиционирате, исто да се борите со нерегулиран пазар во однос на ценовната политика, и сè ова за мене беше огромен предизвик и мотивација да се осмисли концепт кој ќе нè издвои од другите, и со постигнатите резултати ќе докажеме дека цената не е секогаш одлучувачки фактор во одлука за соработник во делот на безбедноста. ■■■

Станбен кредит

КОГА СЕКОЈА КОЦКА ЌЕ ДОЈДЕ НА СВОЕ МЕСТО!

НЕ ЧЕКАЈ. АПЛИЦИРАЈ СЕГА!

Станбен кредит за купување или изградба на нов дом со рок на отплата до 30 години и одлични промотивни услови:

- **100% покривање на административни трошоци**
- **100% покривање на трошоци за процена**
- **100% покривање на нотарски трошоци** за нови пласмани
- **Брза и едноставна процедура** за одобрување

Промотивната понуда трае до **30.6.2024**

Аплицирајте во **филијалите** и 24/7 на: **(02) 15110** или **www.alokredit.mk**

80 ГОДИНИ НА ВАША СТРАНА

СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
членка на NBG групацијата

www.stb.com.mk

Пример (април 2024):
Кредит од 34.224,00 евра со 30 години рок на отплата со вклучена полиса за животно осигурување, за клиенти кои платата ја примаат преку СБ, каматната стапка изнесува 3,90%, гарантирана за првите 10 години, по што ќе се применува променлива каматна стапка која во моментов изнесува 7,66% за останатиот период. СВТ за овој пример изнесува 5,40% годишно. Месечната рата за овој кредит за првите десет години изнесува 161,42 евра. Износот на еднократна премија за животно осигурување изнесува 4.224,00 ЕУР, под претпоставка дека кредитобарателот на 40 годишна возраст, без здравствени нарушувања. Кредит од 34.224,00 евра со 30 год. рок на отплата за клиенти кои платата не ја примаат преку СБ, каматната стапка изнесува 4,30% гарантирана за првите 3 години, по што ќе се применува променливата каматна стапка која во моментов изнесува 8,51% за останатиот период. СВТ според овој пример изнесува 7,64% годишно. Месечната рата за овој кредит за првите три години изнесува 169,36 евра. Редовните административни трошоци изнесуваат 1,25% од износот на одобрениот кредит, апликативните трошоци изнесуваат 600 денари, додека нотарските трошоци и трошоците за осигурување на имотот зависат од износот на кредитот како и од карактеристиките на имотот кој се користи како обезбедување. За начинот на отплата на кредитот, трошоците и за сите други информации, информирајте се на нашата веб-страница: www.stb.com.mk, 24/7 контакт центарот на (02) 3100 109 или во филијалите на Банката.



РАСТЕ ПАЗАРОТ НА ПОДАТОЧНИ ЦЕНТРИ ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

БУКУРЕШТ, ЗАГРЕБ И АТИНА СТАНУВААТ СЕ ПОГОЛЕМИ „ЧУВАРИ НА ПОДАТОЦИ“ НА СВЕТСКИТЕ ТЕХНОЛОШКИ КОМПАНИИ

Кога станува збор за центрите за податоци, ниту главниот град на Хрватска не заостанува зад регионот на Југоисточна Европа. Имено, како што неодамна пишуваше Lider media, Хрватска станува една од клучните дестинации за центрите за податоци во Европа. Слично на Букурешт, Загреб ќе доживее постојан раст на пазарот на центри за податоци во следните неколку години.

Пазарот на податочни центри во Југоисточна Европа има голем потенцијал за раст во следните две до три години. Сите показатели упатуваат во оваа насока, а земјите од регионот стануваат сè поатрактивни за инвеститорите поради присуството на високоефикасни комуникациски мрежи вдолж рутата Западна Европа-Азија и релативно ниските трошоци за земјиште, енергија, градежништво и работна сила. Ова се наведува во соопштението на романската компанија „Tema Energy“, која дизајнира и гради центри за податоци, а наскоро во Букурешт ќе организира и DataCenter форум посветен на индустријата за центри за податоци во регионот. Според извештајот на EMEA Data Center 2024 објавен од консултантската компанија за недвижнини JLL, секундарните пазари во Европа, вклучувајќи ги Шпанија, Полска и Романија, се прогнозира да пораснат за околу 49 проценти во просек, додека растот на основната област FLAPD (Франкфурт, Лондон, Амстердам, Париз, Даблин) нема да надмине 16 проценти. Понатаму, истиот извештај покажува дека пазарот во јужна Европа се очекува да порасне меѓу 30 и 55 проценти во наредната година.
Широко распространетото прифаќање на вештачката интелигенција и процесот на когнитивна моќ создава невидена побарувачка за капацитет на центрите за податоци, што се јавува не само на зрелите пазари на Запад, туку и на секундарните или пазарите во развој, вклучително и Романија. Извештајот, исто така, нагласува дека инвестициите во индустријата за центри за податоци во 2023 година се удвоиле во

Хрватската филијала на американската компанија Digital Realty гради нов центар за податоци во близина на Загреб, кој со капацитет од 30 мегавати ќе биде најголемиот во Хрватска. Иако нема точни податоци за моменталниот капацитет на сите центри за податоци во Хрватска, според проценките на експертите од индустријата, засега тој е капацитет од околу пет до десет мегавати.

споредба со претходната година, со вкупно 2,34 милијарди евра низ цела Европа.

„Целиот јужноевропски пазар на центри за податоци е во подем. Букурешт би можел потенцијално тројно или дури да го зголеми капацитетот на своите центри за податоци до седум или осум пати во следните три години, по најавата за нови големи проекти во или околу градот од страна на неколку инвеститори во последните месеци“, вели Михаи Маноле, извршен директор на Tema Energy.

Преселба на југ

Романскиот главен град е рангиран на деветтото место на пазарите во развој EMEA (Европа, Блискиот Исток и Африка), со центри за податоци со вкупна моќност од 15 мегавати, според извештајот од 2023 година објавен од консултантската куќа за недвижнини Knight Frank. Сепак, проектите кои веќе се во развој би можеле да го зголемат овој капацитет на најмалку 50 до 55 мегавати во релативно краток рок. Минатата година, неколку големи играчи ги објавија своите намери и започнаа проекти за изградба на големи центри за податоци во Букурешт, пред се поради лесен пристап до комуникациските линии, електричната мрежа и квалификуван персонал.

Кога станува збор за центрите за податоци, ниту главниот град на Хрватска не заостанува зад регионот на Југоисточна Европа. Имено, како што неодамна пишуваше Lider media, Хрватска станува една од клучните дестинации за центрите за податоци во Европа. Слично на Букурешт, Загреб ќе доживее постојан раст на пазарот на центри за податоци во следните неколку години, според Tema Energy. Повеќето меѓународни аналитичари веруваат дека драматичното намалување на расположливиот простор и моќ на центрите за податоци во високо развиените земји (Обединето Кралство, Франција, Холандија, Германија, Ирска) ќе доведе сè повеќе и повеќе инвеститори да се свртат кон секундарните пазари во Источна Европа и Скандинавија. Така, долгогодишните средишта на центри за податоци во Франкфурт, Лондон, Амстердам, Даблин и Париз полека се движат кон средината и кон истокот и југот на Европа. На пример, хрватската филијала на Digital Realty гради нов центар за податоци во близина на Загреб, кој со капацитет од 30 мегавати ќе биде најголемиот во Хрватска. Иако нема точни податоци за моменталниот капацитет на сите центри за податоци во Хрватска, според проценките на експертите од индустријата, засега тој е капацитет од околу пет до десет мегавати.

Атина центар на Европа за поврзување со Блискиот Исток и Африка

Но, југоисточниот јазол на Европа за поврзување со Блискиот Исток треба да биде Грција - од Атина до Блискиот Исток и од Крит до Африка. Грчката престолнина веќе има најголем ИТ капацитет во регионот, вкупно 101 мегават, а таа бројка наскоро ќе порасне уште повеќе бидејќи ни помалку ни повеќе Microsoft го избра поширокото подрачје на Атина за своите три нови центри за податоци, во кои ќе инвестира приближно речиси една милијарда евра. Слична е ситуацијата и во Софија. Имено, целиот пазар на центри за податоци во Бугарија се предвидува да порасне за 6,96 отсто од 2024 до 2028 година и да достигне пазарен обем од 201,7 милиони долари. Во Франција, на пример, веќе има подморски кабли кон Африка од Марсеј, а покрај споменатите земји, неодамна за центрите за податоци станаа важни и Милано во Италија, Мадрид во Шпанија и Виена во Австрија.

„Затоа, во текот на следните две години, главните инвестиции ќе бидат насочени кон места каде што трошоците за земјиште, енергија и човечки ресурси се помали, но каде што има и ефикасни комуникациски јазли, доволно (зелена) струја и технички можности за изградба и управувајте со големите центри за податоци“, заклучуваат во Tema Energy.

КАКО ДА НАПРАВИТЕ ПЛАН ЗА ЗАШТЕДА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА?

1. Направете анализа на потрошувачката во домот

2. Дознајте кои уреди во домот трошат најмногу енергија



3. Развијте го планот со комбинација од мерки, со и без инвестиција

4. Спроведувајте го планот, по потреба коригирајте го и надградувајте го



ЕНЕРГИЈАТА *бреди*
треба да се
ШТЕДИ

EVN



ВЕШТАЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА

ТАМАН СЕ НАВИКНАВМЕ НА ЧЕТБОТОВИТЕ, ДОАЃААТ И AI АГЕНТИ

Четботовите какви што ги знаеме денес главно се развиени за да одговорат на конкретни прашања користејќи однапред дефинирани одговори или едноставни алгоритми кои симулираат разговор. Иако се покажаа корисни во задачите за поддршка на клиентите или во други деловни функции, нивната способност да дадат длабоки, контекстуално релевантни одговори останува ограничена. Од друга страна, AI агентите претставуваат напредок во технологијата на вештачка интелигенција, обучени да разбираат и интерпретираат сложени човечки прашања, учат од интеракциите и да донесуваат одлуки врз основа на акумулирано знаење и анализа.

Приказните за роботите кои ќе можат да извршуваат задачи наместо нас и да ни помагаат во секојдневниот живот повеќе не се само претпоставка или тема на научно-фантастични филмови. Откако ChatGPT, четбот базиран на вештачка интелигенција, ѝ беше претставен на јавноста во 2022 година, развојот на вештачката интелигенција само се забрза и денес токму оваа област во технолошката индустрија е една од најпрофитабилните.
Сепак, стартапите и технолошките гиганти се обидуваат да се оддалечат од четботовите, кои досега даваа помош во форма на текст, а може да бидат заменети со агенти за вештачка интелигенција.

AI асистент како софтверски инженер

Минатиот месец беше претставен првиот целосно автономен софтверски инженер базиран на вештачка интелигенција по име Devin. Како што е наведено на веб-страницата на Cognition, стартап специјализиран за вештачка интелигенција, Devin е „неуморен, вешт тимски колега, подеднакво подготвен да гради заедно со вас или самостојно да ги заврши задачите што ги разгледувате“.
Овој асистент AI асистент може да планира и извршува сложени инженерски задачи, да се потсети на претходниот контекст кога решава проблеми, да учи со текот на времето и да ги коригира грешките.
Накратко, Devin може да ја работи работата што обично ја вршат добро платени софтверски инженери. Четботите како Chat-GPT и Gemini можат да генерираат кодови, но Devin оди уште подалеку од тоа и планира како може да реши проблем, го пишува кодот и потоа го тестира и имплементира.
Голем број инвеститори и инженери коишто комуницираат на X (поранешен Twitter) веќе се заинтересирани за овој AI софтверски програмер.
Не се само стартапите кои создаваат AI агенти. Агентот наречен SIMA, развиен од Google DeepMind, игра видео игри.
SIMA ги научил овие дејства со набљудување на човечки играчи со цел да стекне способност да извршува повеќе од 600 умерено комплицирани задачи во рамки на видео игрите, како што се буткање на дрво или пукање во астероид.
Што е најважно, SIMA може успешно да ги изврши повеќето од овие дејства дури и во видео игри со кои претходно не е запознаен.
Google се надева дека во одреден момент овие агенти ќе можат да извршуваат задачи надвор од видео игрите, можеби помагајќи им на корисниците да се снаоѓаат на интернет или ќе оперираат со софтвери наместо нив. Засега видео игрите се добра основа

Агентот наречен SIMA, развиен од Google DeepMind, игра видео игри. SIMA ги научил овие дејства со набљудување на човечки играчи со цел да стекне способност да извршува повеќе од 600 умерено комплицирани задачи во рамки на видео игрите, како што се буткање на дрво или пукање во астероид. Што е најважно, SIMA може успешно да ги изврши повеќето од овие дејства дури и во видео игри со кои претходно не е запознаен.

за тестирање и развој на вакви проекти. Тим Харли, истражувач во Google DeepMind, вели дека експертите во моментов работат на тоа да ги направат овие агенти попрецизни.

Разлика помеѓу четботовите и AI агентите

Напредните системи за вештачка интелигенција се дизајнирани да извршуваат специфични задачи и да комуницираат со околината на начин што го имитира човечкото однесување или одлучување. Некои примери за употреба на AI агенти се персонализирани асистенти, автоматизирани системи за контрола на возилата, софистицирани системи за препораки за е-трговија и интерактивни играчи во видео игрите.

AI агентите можат да работат 24/7 без замор, да ја подобрат продуктивноста и ефикасноста, да ги намалат трошоците и да отворат нови можности за иновации.

Четботовите какви што ги знаеме денес главно се развиени за да одговорат на конкретни прашања користејќи однапред дефинирани одговори или едноставни алгоритми кои симулираат разговор. Иако се покажаа корисни во задачите за поддршка на клиентите или во други деловни функции, нивната способност да дадат длабоки, контекстуално релевантни одговори останува ограничена.

Од друга страна, AI агентите претставуваат напредок во технологијата на вештачка интелигенција, обучени да разбираат и интерпретираат сложени човечки прашања, учат од интеракциите и да донесуваат одлуки врз основа на акумулирано знаење и анализа. Тие не се ограничени на однапред дефинирани скрипти; наместо тоа, тие се способни за динамичка интеракција, приспособувајќи ги нивните одговори и активности на специфичните потреби на корисникот.

Клучната разлика помеѓу четботовите и AI агентите во тоа што четботовите помагаат при извршување на деловна задача или серија поврзани задачи, додека AI агентите треба да бидат способни да извршуваат некоја работа, т.е. збир на поврзани задачи и да учат за корисничките навики и практики и истите да ги применуваат при решавање на задачите.

2025-2026 се очекува бум

Сепак, аналитичарите сметаат дека пазарот за развој на AI агентите е сè уште во зародиш и очекува нивен полн развој во периодот 2025-2026 година. AI агентите ќе доживеат значително проширување во нивната примена и ќе станат сеприсутни во многу аспекти од бизнисот и животот. Нивната примена би можела да ги опфати областите на здравството, образованието, во индустријата за оптимизација на производството и управување со градови и домови.

Прерано е да се каже како AI агентите целосно ќе ги заменат четботовите, но нема сомнеж дека тие ќе ја трансформираат интеракцијата на корисниците нудејќи подобри и пообемни можности за зајакнување на корисничките можности и автоматизација. Ова не значи замена на четботовите, туку еволуција кон поинтегрирани, интелигентни системи кои можат да понудат многу побогато и повеќе персонализирано корисничко искуство. Во иднина може да очекуваме коегзистенција на четботови и AI агенти, каде секоја технологија ќе се применува според нејзините силни страни.

Допрва треба да се очекува развој и употреба на агенти, а некои сметаат дека оваа година може да биде клучна за нив. Има примери кои се рекламираат како

ДАЛИ СТЕ ПОДГОТВЕНИ ЗНАЧИТЕЛНО ДА ГО ПОДОБРИТЕ ВАШИОТ ЖИВОТЕН СТИЛ?

Доколку сакате вашата иднина да ја градите на најдобрата локација во Скопје и сте во потрага по современ простор, со впечатлива архитектура, уникатен дизајн и максимална функционалност, ние го имаме вистинскиот избор за вас – комплексот „Гранд Скопје“.

Искористете ја единствената можност и побарајте персонализирана понуда во продажниот салон на комплексот „Гранд Скопје“ во ГТЦ на 1 кат или контактирајте го тимот задолжен за продажба на телефонските броеви: 070 355 351 и 070 233 055, како и на e-mail: info@grandskopje.mk.

Минатиот месец беше претставен првиот целосно автономен софтверски инженер базиран на вештачка интелигенција по име Devin.

агенти, прашање е дали навистина ги имаат сите карактеристики на агенти. Еден од нив беше производот „Rabbit“, кој требаше да служи како уред кој може да одговори на гласовните команди и да извршува посложени задачи. Корисничкото тестирање покажа, барем засега, дека сè не се одвива така како што беше најавено во рекламните материјали.

Морални и етички дилеми

Кога се зборува за вештачката интелигенција, често се поставува прашањето за заштита на приватноста и личните податоци, како и прашањето што нè интересира сите - до каде ќе оди оваа технологија? AI агентите се потпираат на големи количини на информации, затоа мора да обезбедат заштита на личните податоци од злоупотреба. Исто така, постои прашање на пристрасност и дискриминација што може да произлезе од AI системи тренирани на пристрасни податоци. Исто така, не треба да се потцени можното големо влијание на AI агентите на пазарот на трудот, бидејќи може да има губење на работни места како резултат на автоматизацијата. Соочувањето со етички и други општествени предизвици бара соработка на експерти од различни дисциплини и развој на глобални упатства и регулативи кои промовираат одговорна употреба на технологијата за вештачка интелигенција. Само така можеме да обезбедиме одговорен напредок на вештачката интелигенција која служи за благосостојбата на сите, заштитувајќи ги основните права и достоинството на поединците.

VITAMINKA
HAPPY EGGS
HAPPY EGGS
Честит Велигден!

Elegance is an attitude
JENNIFER LAWRENCE
LONGINES
MINI DOLCEVITA
LONGINES
Bożinowski